# Living the Lotus 3

## Buddhism in Everyday Life

2025
VOL. 234




Rissho Kosei-kai in India: Delhi, Gaya, and Assam

**Living the Lotus**
**Vol. 234 (Март 2025)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Бивајќи благодарен за природата

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## Ние луѓето сме уништувачи на природата

Не треба да се каже дека нашите животи се поддржани од се што постои надвор од нас. Особено, ако не постоеја сонце, вода, или воздух, не само ние луѓето туку и сите живи битие би биле неспособни да опстанат. Овој факт сам по себе треба да биде доволен за нас да ја разбереме важноста на изразување благодарност за природата.

И покрај тоа, ние имаме тенденција да заборавиме да бидеме благодарни за благословите кои ги примаме од природата. Понатаму, човечките битија, со нивната високо развиена интелегенција, арогантно мислат на себеси како супериорни и продолжуваат да ја уништуваат земската животна средина во нивната потрага по лична удобност и комфорт. Од перспектива на природата, ние луѓето сме ништо освен уништувачи.

Хакудо Ајукава, проповедник на Ринзаи сектата на Јапонскиот Зен Будизам, ја употребува идејата на дозволување на животните и растенијата да зборуваат за да хумористично ја критизира ароганцијата на човечките битија: 'Еј вие, луѓе, со долго време ние растенија и животни сме биле благодарни на оваа земја што нé одржува живи, и ние работевме заедно да се грижиме за неа. Вие почетници голтате се самите . . . Само затоа што вие сте малку попаметни од нас, тоа не значи дека вие можете да бидете така себични' ( хттпс://њњњ.msосхињи.ор.јп/хоуња/арцхиве/soутх/072). Тога ш Ајакава јасно истакнува дека човештвото може да покаже мудрост преку изразување на благодарност кон природата и предавање на идните генерации на прекрасна планета земја.

'Растенијата, дрвјата, и земјата сите ќе станат буди.' 'Цела егзистенција е буда природа.' Во Јапанскиот Будизам, сите форми на постоење – дури и планините, реките, растенијата, и дрвјата – се манифестации на истиот живот на Будата. Философот Такеши Умехара (1925-2019) нагласил на итната потреба за оваа идеја да стане општа за цело човештво, така да луѓето целосно ги доживеат

благословите на природата и повторно да го стекнат умот на почит.

Човечките битија имат лоша навика да не размислуваат длабоко се додека тие не се вистински во мака, но јас мислам дека најбрзо што е можно – и пред да ние се најдеме во неволја – сите ние треба да осознаеме колку благодарни ние треба да бидеме за сонцето, воздухот, и водата, и сериозно да го преиспитаме нашиот начин на живот.

## Радоста да се биде способен да се изрази благодарност

Кога јас бев до Огасавара Острвата пред некое време, јас се сеќавам дека бев трогнат од гледањето на прекрасното изгрејсонце и заоѓање на сонцето над хоризонтот од фериботот затоа што ова го исчисти мојот ум и во истото време ме направи да чувствувам силно дека јас сум причинет да живеам од природата. Нема ништо необично во врска со луѓето кои биле трогнати од доаѓање во контакт со растенија и цвеќиња кои растат до максимум во градина. Понекогаш ние наоѓаме храброст да живееме од вигорот на глуварчињата кои цветаат во пукнатините на асфалтот, за што јас верувам дека е исто знак на единството на целиот живот. Психијатар рекол дека со приближување на нашите умови поблиску и чувствување на едиинство со цвеќињата и растенијата, ние често стекнуваме чувство на олеснување и сме појачани. Така ментално, исто како и физички, ние треба да бидеме благодарни на многу нешта во природата, вклучувајќи го сонцето, водата и воздухот.

Кога луѓето навистина го разберат ова, тие ќе видат животи на умереност. На пример, тие осознаваат дека чиниите на храна на масата се таму благодарение на сонцето и водата, затоа тие јадат умерено, не фрлаат храна, и не оставаат ништо во нивните чинии, исто како што тие се обидуваат да употребуваат драгоцени ресурси како водата со внимателност. Така да дури и кога постојат мали непријатности и недостатоци, или одредено време и напор треба да бидат потрошени, ако вие имате ум на благодарност, вие можете да ги прифатите тие нешта радосно. И кога ние одржуваме ум на благодарност, ние сме ослободени.

Ако вашиот ум е полн со незадоволство или лутина, да се чувствувате благодарни може да биде навистина тешко, но ако вие размислувате на Законот на природата (Вистината) и мисли на благодарност извираат внатре во вас, тогаш дури и во средина на тешкотии, вие ќе бидете способни да изразите благодарност и да најдете среќа – што ќе го ослободи вашиот ум од страдање.

За едно нешто, ние бевме родени како човечки битија со способност да ја осознаеме Вистината, така да ние можеме да кажеме дека самиот факт што сме живи баш сега е нешто за кое треба да се биде вистински благодарен. Ајде да продолжиме да го пренесуваме и да ја споделуваме радоста која Ришо Косеи-каи ја пренесува уште од неговото основање и да се придружиме на секој во штитење на земјата која резонира со сите наши изрази на благодарност.

(Од *Косеи*, Март 2025)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Мировни активности на Ришо Косеи-каи

### Религии за мир

Постојат многу различни религии во светот, но сите вери посакуваат мир во светот. Поч. Никјо Нивано, основачот на Ришо Косеи-каи, ги основал Религиите за Ми со други религиозни водачи во Јапонија и околу светот за да дискутираат што тие можат да направат да го остварат светскиот мир и да превземат акција заедно.

Уште од Првото Светско Собрание на Религиите за Мир кое беше свикано во Кјото, Јапонија, во 1970, Религиите за Мир имаат одржувано нивни периодични светски собранија скоро секои четири години. Во 2006, годината во која Ришо Косеи-каи славел стогодишнина на раѓањето на Основачот Нивано, Осмото Светско Собрание било одржано во Кјото.







**Дали знаевте?**

Во Првото Светско Собрание на Религиите за мир, религиозните луѓе дискутирале што тие треба да направат за глобалните проблеми како разоружување, развој, и човекови права. Уште од тогаш, Религиите за Мир имаат исто работено на прашања како околина, едукација, и полова нееднаквост.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

# Донирај-оброк движење







Постојат многу луѓе во светот кои умираат од глад и кои страдаат од болести причинети од неухранетост. Движењето Донирај-Оброк било направено за да поддржи луѓе во мака и да стреми за свет во кој секој ќе живее среќно заедно. Ова движење ги поканува луѓето да се осврнат на страдањето на другите и да се молат за крај на гладот и болеста.

Членовите на Ришо Косеи-каи се откажуваат од оброк, или од лични задоволства, на првиот и петнаесеттиот ден од секој месец и ги донираат парите кои тие ги заштедуваат кон Фондот за Мир на Донирај-оброк преку нивните локални Дарма центри. Нивните донации се употребени за активностите на поддршка на движењето во и надвор од Јапонија.

### Дали знаевте?

Потеклото на ова движење датира назад во Едо периодот. Речено е дека за време на големиот Темпо глад, за кој се мисли дека траел од 1833 до 1837, Иноуе Масакане (1790-1849), основачот на Мисогикјо*, се качил на активностите на помош за луѓето кои гладувале со неговиот завет да 'прескочи еден оброк' за да им го даде на нив; тоа било почетокот на движењето.

*Мисогикјо е сега еден од дванаесетте Шинто групи (Секта Шинто) кои се независни од главниот храм Шинто.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

# Правејќи го светот огромна голема Сангха

## Сангха која резонира со буда природата

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Гледајќи на нашите односи со Будата како тие на родител и дете, станува јасно дека подрачјето на вербата се состои од взаемна резонанса помеѓу Будата и луѓето, и помеѓу луѓето самите. Но всушност, взаемната резонанса не е ограничена на подрачјето на вербата. Целиот универзум се издигнува преку меѓузависност, взаемна резонанса на сите нешта со сите други нешта, и ова е вистинито за секој аспект на човечкото општество.

Сега, што е тоа кое ја издигнува и разубавува до перфекција динамиката на взаемното резонирање помеѓу човечките битија? Непотребно да се каже, тоа е љубовта. И тоа мора исто така да биде и сочуството. Љубовта повикува љубов, и сочуството негува сочуство.

Пред некој ден, јас наидов на срдечна приказна во уредничкиот дел на Чугаи Нипо весникот. Тоа беше базирано на поднесок на 'моменти во времето' (Јпн. Хитотоки) истакнат во Асахи Вести. Приказната кажува за Католичка чесна сестра која живее во Фукушима Градот која патува за Токио.

Додека таа е на станица припремајќи се да се врати во Фукушима, нејзе ѝ се приближил неуреден човек кој барал пари од неа.

Католичките сестри, како Будистичките монаси и чесни сестри од давнина, немаат дозвола лично да поседуваат пари. Дури и кога тие го напуштаат манастирот да работат на задачи, нив им е само дадено едвај минимално од неопходните средства. Изненадена од барањето на човекот, таа извадила мала ташна, направила пресметка во нејзината глава, и му рекла, 'После одбивање на билетот за возот за моето враќање назад, ова е се што јас можам да ти дадам.' Со тоа, таа му дала на човекот сето ситно што таа можела да го заштеди.

Гледајќи го малиот износ на ситно што таа му дала нему, човекот бил изненаден и рекол, 'Со ова неможе да се купи ни ручек во кутија. Јас имам повеќе пари од тебе, па дозволи да ти го дадам ова,' и тој извадил новчаница од 1000 јени. Се разбира, сестрата одбила на почетокот, но на крајот, таа немала избор освен да го прифати тоа со зборовите 'Благодарам.' Уредничкиот текст тврдел дека луѓето околу нив кои ја гледале нивната конверзација тогаш почнале со топол аплауз за тоа што тие го приметиле.

Личноста која ја поднела приказната заклучила преку пишување, 'Тој човек мора да размислувал за радоста да се даде на друг, и тоа можело да води до нова почетна точка на живот на давање.'

Јас го читав тоа и си помислив, 'Ах! Будините учења дека сите луѓе иимаат буда природа се навистина реални!' Јас бев длабоко трогнат, како тоа да го осознав по прв пат.

Во денешниот свет, ние слушаме навистина премногу развратни и основни приказни. Медиумите имаат тенденција да известуваат за такви приказни, што прави тешкотии за убави приказни како оваа, што мора да се случиле на многу места, да дојдат до нашите уши. Јас верувам дека ова ја спречува динамиката на взаемната резонанса да се развива, каде хуманитарната љубов раѓа хуманитарна љубов.

Како луѓе од вербата, ние не смееме да ги тргнеме очите од грдата страна на општеството, но ние треба да го фокусираме нашето внимание на деловите на тие приказни каде буда природата брилијантно сјае, дури и за момент. Взаемната резонанса на споделување на тие приказни и бивање длабоко трогнати заедно ја издигнува нашата хуманост до друго ниво.

Ришо Косеи-каи е сангха која стреми кон динамиката на взаемна резонанса помеѓу човечките битија. Прво, ајде да ја доведеме оваа сангха до перфекција. Тогаш, ајде да ја прошириме таа динамика бескрајно, со сонот и идеал на човечкото општество како голема Сангха. Затоа усовр шувањето на Буда патот лежи во самиот ваков потфат.






## A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**X**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот :
living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp